РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВ НИКОЛЕ ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ НИКОЛЕ
Бр. 04-101/2
13.05 2019 год.
Свети Николе

Врз основа на член 6 од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 143 став 2 и став 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18), како и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за образование и наука со бр. 02-151/2 од 13.07.2015 година, бр. 02-215/2 од 24.11.2015 и Согласност за обезбедени финансии од Министерство за финансии број 18-19783/3 од 08.02.2019 година, Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2019**
**за унапредување на помошно-техничко лице во**
**Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе**

Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Говнева" Свети Никиле објавува Интерен оглас за унапредување на 1 (едно) помошно-техничко лице за следното работно место:

**1.** ДЕЗ 04 01 А01 001 Хаусмајстор**,** Помошно-техничка служба, Одржување на објекти и опрема со завршено четиригодишно средно образование.

**Распоред на работното време**:

Дневното и неделното работно време е од 05:30 часот до 13:30 часот, од понеделник до петок 8 часа дневно, или 40 часа неделно.

Платата за работното место е во паричен нето износ од 13.818,00 денари без минат труд.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните:

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е физички и психички здрав,
- да го познава македонскиот јазик и кириличното писмо,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување.

**Посебни услови:**

Завршено IV годишно средно образование – од струка електро, машинска, браварска, металска или водоводна.

На интерниот оглас може да се јави вработен во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за заштита на децата и Правилникот за систематизација на работните места при ова вработенито треба да ги исполнува и следните услови:

- да поминал најмалку две години на тековното работно место
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот вработен, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе до Одделението за управување со човечки ресурси.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) работни дена од денот на објавување на огласната табла на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

13.05.2019 година
Свети Николе

J.O.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“
Свети Николе

в.д. Директор